*Николина КЕНИГ*

**УДК: 316.344-055.2**
**305-055.2**

# ВОДЕЧКИ ПРИНЦИПИ НА ФЕМИНИСТИЧКИ ОРИЕНТИРАНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ВО ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ

***Кратка содржина***

*По три децении откако беше поставено прашањето за тоа дали полот на оној кој осознава е епистемолошки релевантен, анализата на повеќето текстови од областа на феминистичката теорија и истражувања упатува на тоа дека сè уште нема консензус за тоа дали постои посебна феминистичка методологија. Сепак, многумина истражувач(к)и кои се феминистички ориентирани укажуваат дека постојат обединувачки принципи од кои се водени феминистичките истражувања, а кои може да се сретнат во различните пристапи што се користат во феминистички ориентираните општествени истражувања. Текстот ги прикажува токму овие заеднички начела на феминистичките истражувања, спротивставувајќи ги на традиционалната академската методологија, која сè уште, главно, е базирана на позитивистичката епистемолошка парадигма. На крајот, накусо се дискутирани критиките кои се упатени кон феминистичката методологија, а кои потекнуваат од самите истражувач(к)и што го користат феминистичкиот пристап.*

***Клучни зборови:*** *ФЕМИНИСТИЧКА МЕТОДОЛОГИЈА, ФЕМИНИСТИЧКИ ОРИЕНТИРАНИ ИСТРАЖУВАЊА, ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ*

## *Вовед*

Поставувајќи го т.н. „безобразно" прашање за тоа *дали полот на истражувачот е епистемолошки релевантен* за креирање на знаењето, Лорен Код (Code, 1981) ги разбранува научните кругови и инспирира сериозна дебата за влијанието на маскулиноста и социјалната моќ врз креирањето на знаењето. Тоа иницира мноштво истражувања кои се фокусираа на докажување на многукратните пристрасности од аспект на родот со кои се оптоварени истражувањата во општествените науки, наспроти распространетото мислење дека тие се изведувани врз основа на вредносно неутрална платформа кон која тежнее традиционалниот академски етаблиран метод. Три децении по овој предизвик, сè уште се дебатира за тоа дали може да се зборува за посебна феминистичка методологија одвоена од останатите методологии, дали феминистичка методологија е монолитна, како и за тоа дали постои конгруентност помеѓу вредностите што ја дефинираат и постигнатите цели.

Разликите во мислењата во врска со прашањето за тоа дали воопшто постои феминистичка методологија која може да се одвои како засебен вид не се разрешени и покрај тоа што во многу академски курикулуми одамна го зазема овој статус. Од една страна, може да се наиде на краен скептицизам во врска со тоа дека може да се идентификува дистинктивна епистемологија, која може да се нарече феминистичка (Hammersley, 1992), а од друга страна, дека сигурно може да се идентификува заедничка епистемолошка платформа, која е појдовна за огромното мнозинство феминистички ориентирани истражувања[1] (Harding, 1987; Mauthner & Doucet, 2007; Krook, 2007; Hesse-Biber, 2012). Ова стојалиште критичарите честопати го спротивставуваат на очигледниот факт дека постојат разновидни начини за да се практикува феминистичката методологија низ емпириските истражувања, бидејќи обемната литература, која јасно покажува дека се изведуваат мноштво квалитативни и (во многу помала мера) квантитативни истражувања идентификувани од страна на автор(к)ите како истражувања засновани на феминистичка методологија, истовремено упатува и на заклучокот дека постојат големи разлики во тоа како тие се изведуваат. Следствено, тоа би значело дека не е лесно да се даде единствена дефиниција за феминистичката методологија[2] (Driscoll and McFarland, 1989; Mies, 1996, Ackman et al., 2001).

Сепак, отсуството на согласност во врска со нејзиното дефинирање, па во крајна линија и во врска со тоа дали воопшто може да се издвои посебна феминистичка епистемологија различна од нефеминистичките не оспорува најмалку две важни нешта кои ќе бидат разгледувани во овој текст: а) постоењето солиден корпус феминистички ориентирани истражувања кои претставуваат сериозен предизвик за многу наоди базирани на традиционалниот академски научен метод и б) можноста да се извлечат заеднички принципи кои ги дефинираат основите на феминистичката методологија, без разлика на тоа низ колку различни верзии таа може да се појави низ практиката.

---

[1] Хардинг (Harding, 1987), одговарајќи на прашањето дали постои феминистички метод, во истоимениот напис прави јасна разлика, понатаму усвоена од многу други автори, дека не постојат посебни и од феминистичкиот приод дефинирани истражувачки *методи* (во смисла на техники за прибирање податоци), што не значи, пак, дека не може да се издвои посебна феминистичка епистемологија, односно методологија.

[2] Една често цитирана дефиниција на феминистичката методологија е предложена од Ramazanoglu & Holland (2001) кои сметаат дека таа е она што ги прави различни феминистичките истражувања од нефеминистичките – збогатеноста со теоретски, политички и етички прашања што произлегуваат од премисата дека светот е хиерархиски поделен и нееднаков.

### *Развојот на феминистичка методологија во емпириските истражувања*

Речиси половина век по храбрата изјава на Наоми Вајстајн[3] (Weisstein, 1971) дека повеќето од она што го знаеме како академска психологија е „фантазија на психолозите - мажи", достапен е завидно голем корпус од докази не само за тоа како исклучувањето на жените и женската перспектива од општествените и хуманистичките научни дисциплини доведува до повеќекратни пристрасности,[4] туку и за тоа како истата таа андроцентричност ги искривува наодите и во рамките на природните науки (Doucet & Mauthner, 2007). Врз основа на доказите за исклученоста на жените како испитанички во истражувањата и уште повеќе како истражувачки и уреднички на научни списанија, феминистичката критика се насочува кон борба за додавање (adding) на жените во науката. Ваквиот пристап, познат како *феминистички емпирицизам* (Harding, 1978; Riger, 1992; Hesse-Biber, 2012), во основа не бара никакви коренити промени, особено не во методологијата врз чија основа се изведуваат истражувањата, туку само вклучување на жените во споменатите релевантни улоги.

Барањето за радикални промени во сферата на знаењето доаѓаат подоцна, артикулирани од страна на т.н. *стојалиштен (standpoint) феминизам*, за кој знаењето за социјалниот свет се конструира, меѓу другото, и низ социјалните нееднаквости, а отсуството на жените од науката е само еден од исходите на тие нееднаквости (Doucet & Mauthner, 2007; Harnois, 2013). Епистемологијата на која се заснова оваа теорија е многу различна од традиционалната академска позитивистичка или постпозитивистичка парадигма. Најпрво, карактеристиките на оној/онаа кој/која сознава се сметаат за релевантни за процесот на откривање или градење на знаењето. Така, наспроти тоа да се настојува да се задоволи идеалот за објективен и вредносно

[3] Самиот наслов на написот ја сугерира жестокоста со која авторката ја критикува академската психологија до седумдесеттите години: „Психологијата ја конструира жената или фантастичниот живот на психологот - маж (со осврт на фантазиите на неговите пријатели, мажот биолог и мажот антрополог". Трудот е издаден од страна на списанието Social Education (35/4, стр. 362-373) во 1971 година и е посветен на разобличување на идеите дека теориите, емпириските истражувања и психолошката практика се родово непристрасни. Во 1993 година повторно е објавен во целост во списанието Feminism&Psychology.

[4] Еден пример за тоа како андроцентризмот во психологијата влијаел врз репродукција на разликите и на родово детерминираната нееднаква дистрибуција на моќ може да се најде во начинот на кој е развивана Стенфорд-Бинеовата скала на интелигенција од страна на Терман. На првата верзија од овој тест (инаку, еден од најкористените индивидуални тестови за процена на интелигенција на деца), девојчињата имале повисок скор од момчињата. За да ја коригира оваа разлика, која се смета за неопходна за да се обезбеди валидност на инструментот наспроти критериумот училиштен успех, каде што немало полови разлики, Терман ги елиминирал ајтемите на кои момчињата покажувале понизок успех. Но, интересно е дека таква замена не направил кај ајтемите на кои момчињата имаат повисоки постигања од девојчињата. Едноставно, оваа разлика изгледала сосема очекувана во рамките на доминантната идеологија за соодветните родови улоги (Anderson, 1995).

неутрален истражувач, се тврди дека процесот на сознавање е неиздвојлив од субјектот кој осознава, односно дека: „*што знаеме и како го осознаваме тоа зависи од тоа кои сме, односно од историскиот локус на сознавачот/сознавачката, т.е. од неговата/нејзината позиција во социјалната хиерархија*“ (Maracek, 1989; стр. 372, според Riger, 1992; стр. 732). Затоа, знаењето мора да е плурално, односно ситуирано во споделените искуства на групите кои имаат некакви релевантни заеднички особини, а пред сè заеднички социјален статус. Соодветно на тоа, врвен авторитет во верификација на знаењата имаат самите испитаници, бидејќи од нив потекнуваат информациите за искуствата.

Најнакрај, во рамките на третиот пристап познат како *феминистички постмодернизам*, плуралноста на идентитетите уште повеќе се нагласува, а централна тема станува давањето моќ на потчинетите социјални групи и менување на статус кво ситуацијата во структурираноста на социјалната моќ, која често токму преку науката се одржува.

### *Принципи на феминистичката методологија*

Постојат неколку аргументи за тоа зошто разликите во пристапите што може да се сретнат во феминистички ориентираните истражувања не мора недвосмислено да упатуваат на тоа дека не може да се зборува за постоење специфична методологија. Најпрво, сите феминистички ориентирани истражувања се одредени од заедничкиот фокус, мотиви и идеолошки уверувања кои претставуваат прилично кохерентна рамка за целиот истражувачки процес. Исто така, може да се тврди и дека феминистичката методологија може да се диференцира од останатите според природата на прашањата што ги поставува, позицијата на истражувачите и целта на истражувањата (Hussain and Asad, 2012). Без разлика на тоа што е тешко да се зборува за единствен пристап карактеристичен за сите феминистички истражувања, особено во начинот на кој се анализираат податоците, со сигурност може да се наведат неколку заеднички базични принципи на феминистичката методологија кои се провлекуваат како експлицитни или имплицитни барања од истражувач(к)ите во сферата на општествените науки (Thompson, 1992; Guerrero, 1999; Waller, 2005). Затоа, може да се каже дека најрелевантни обединувачки елементи за феминистичките истражувања не се ниту прашањата околу кои се фокусира интересот ниту тоа кој се јавува во улога на главен истражувач, или за кого и со кого се водени истражувањата, туку *како* тие се изведуваат и до извесна мера *за што служат* (Harnois, 2013). Овие два критериума, всушност, се основата на заедничките принципи кои ќе бидат разгледувани во овој текст.

Првиот таков заеднички принцип може да се дефинира како *фокусирање на вниманието врз маргинализираните заедници во даден социјален контекст*, а наложува насочување на вниманието кон оние групи за кои постои обемна документација дека академските истражувања ги запоставуваат или ги исклучуваат со векови наназад (Haraway,1991; Rose,1994). Иако вклучувањето на перспективата

на жените како најмногубројна игнорирана група се смета за приоритет, се внимава на тоа да не се запостави гласот на која било друга група, особено ако е под ризик да подлегне под дискриминација врз основа на повеќе критериуми, како што се, на пример, сексуалната ориентација, социоекономскиот статус, расната или етничката припадност, возраста и телесниот или интелектуалниот хендикеп. Притоа, се смета дека важноста на репрезентирањето на сите не произлегува исклучиво од загриженоста за тоа колку се валидни наодите добиени само на еден сегмент од популацијата, туку и од тоа дека една од последиците што произлегуваат од исклучувањето е тоа што науката станува моќна алатка за потчинување.

Во таа смисла, од огромно значење е откривањето на слабостите на академски солидно етаблираната, главно, квантитативна методологија, која извира од позитивизмот како епистемолошка платформа. За приврзаниците на феминистички ориентираната методологија, сосема е неспорно дека методологијата која се потпира на позитивизмот, чиј императив, меѓу другото, е да ги генерализира сознанијата, претставува мошне софистицирана алатка за продукција и репродукција на дискриминирање на маргинализираните групи. Имено, преку генерализациите изведени врз основа на истражувања во кои од низа практични причини се вклучени само припадници на ограничен дел од популацијата (главно студенти, и тоа повисоката средна класа, од машки пол) се создаваат *нормативни модели* кои важат најмногу од сè за маж/белец/од средна класа/припадник на западна култура. Потоа, отстапувањата од тој нормативен модел се третираат како *девијација*, *недостаток* или дури и како *абнормалност*, а ваквите интерпретации, пак, се користат во креирањето политики и донесување важни одлуки за луѓето. Преовладувачките начини на коишто реалноста е организирана и категоризирана, неминовно носат со себе пораки за тоа што е добро, лошо, важно или неважно, така што и самите истражувачи се модификуваат под притисокот на традиционалните концептуализации и категоризации што ги произведува самиот метод со кој истражуваат. Мошне илустративно, овој процес е опишан од страна на Елизабет Минич во нејзината книга *Трансформирање на знаењето,* каде што таа тврди дека: „*...додека мнозинството од човештвото било исклучено од образованието и од креирањето од она што се нарекува знаење, малкутемина доминантни не само што се дефинирале себеси како универзален вид луѓе туку, исто така, и како норма и идеал... Нивната претстава за тоа кој е човек во вистинската смисла на зборот е истовремено и исклучувачка и хиерархиска во однос на оние што ним им се подредени – жените во сите улоги; мажите кои работат мануелни работи, мажите слуги и робови и жените и мажите од многу различни култури* (Minnich, 2005, стр. 37-38).

Освен тоа, андроцентричноста на научните истражувања резултира и со родово обележани дискурзивни традиции (Harding, 2004), односно модели, аналогии и нарации кои произлегуваат од хетеронормативната хегемонска маскулиност, што се користат како докази за различни научни тврдења или како основа за градење теории. Типична илустрација за оваа појава во медицинските и психолошките дискурси е гледањето на женското тело како фабрика која ја губи функцијата и

вредноста во моментот кога ја губи репродуктивната способност (Hayles, 1992), или како хормонски детерминирана машинерија (Mauthner, 1998; Gannon, 1998). Една од највпечатливите анализи за влијанието на родовите улоги врз научните објаснувања посочува дека и биолошката репродукција се објаснува врз основа на романтизации произлезени од машко-женските улоги во културните дефиниции на љубовта (Martin, 1991), а да не зборуваме за андроцентричните рационализации на родово базираното насилство.

Друг водечки принцип на феминистички ориентираната методологија е *експлицитната ориентација кон можностите за менување на институциите, структурите, па и културите* кон нови начини на организирање и функционирање кои се помалку дискриминаторни, а повеќе инклузивни, што во суштина ги лоцира феминистички ориентираните истражувања во рамките на критичката теорија. За многумина истражувачи обучувани во духот на позитивистичката методолошка парадигма, ваквото барање звучи бесмислено затоа што онака како што тие ја разбираат методологијата, ова прашање воопшто и не е методолошко. Имено, според оваа доктрина, доминантно присутна во академските кругови, методолозите би требало да ги интересира вистинитоста и прецизноста на наодот, а не што ќе се случи понатаму со тој наод.

За разлика од ова сфаќање, за оние што работат врз основите на феминистички ориентирана методологија, еден од начините за евалуирање на вистинитоста (валидноста) на наодите е да се утврди нивниот потенцијал за промена (Mies, 1983). Потребата од фокусирањето кон интервенции базирани на истражувањата е изразена токму низ експлицитната или имплицитната дефиниција на валидноста на наодите повеќе низ перспектива на нивната трансформациска моќ (односно моќта да го подобрат животот на сите луѓе) отколку како точност на откриените врски меѓу појавите. Така, најважни критериуми за валидност на истражувањето стануваат степенот до кој се идентификувани изворите и природата на општествените нееднаквости и неправди или, пак, степенот до кој тие се направени повидливи, како и умешноста на истражувач(к)ите да ја претстават перспективата на помалку моќните општествени групи, но и јасно идентификуваните стратегии за општествена промена која ќе ги ублажи или ќе ги надмине (Acker, Barry & Esseveld, 1996; McCarl, Marschke, Sheff &Rankin, 2005). Со други зборови, истражувањето добива легитимитет тогаш кога интерпретациите придонесуваат кон постигнување социјална правда и подлабоко разбирање на положбата на луѓето во заедницата, или тогаш кога наодите што се добиени имаат потенцијал да бидат ставени во функција на реструктурирање на нееднаквата моќ меѓу различни групи во општеството (Kvale, 1995).

Третиот принцип е веројатно и најголемиот камен на сопнување за пробивањето влез на овој методолошки пристап во официјалните академски кругови, затоа што претставува директен предизвик на столбот врз кој се дефинираат позитивистички заснованите истражувања. За феминистичките истражувач(к)и, тежнеењето кон објективност, дефинирана како вредносна неутралност на истражувач(к)ите, не претставува никаков методолошки идеал. Напротив, вака

дефинираната објективност се препознава и како еден од параваните зад кои се кријат низа експлицитни или имплицитни избори во нацртот или интерпретацијата кои воопшто не се вредносно неутрални. На пример, за традиционалниот академски метод се смета за сосема ирелевантно (барем од вредносна гледна точка) што претставува извор на истражувачки проблеми. Никој не навлегува во анализа на тоа дали прашањето што ќе се истражува произлегува од секојдневното искуство или од теориски разлики или, пак, можеби е плод на интуиција, затоа што барањето за објективност не се доведува во никаква врска со тоа што е во фокусот на истражување, туку со тоа како ќе се спроведе истражувањето. Но, ваквата претстава за неутралност е сериозно разнишана во анализите кои откриваат дека поставените прашања, а особено непоставените ја рефлектираат родово базираната асиметрија во моќ и ги репродуцираат парцијалните сфаќања за социјалните релации во кои отсуствува женскиот глас (Harding, 1987). Имено, андроцентрично бијасирани интерпретации се пронајдени и во истражувања во кои истражувачите имале најдобра волја да бидат вредносно неутрални (Hare-Mustin & Maracek, 1990), почнувајќи од селекцијата на проблемот врз основа на дадена теорија, преку поставувањето хипотези и начините на прибирање податоци до интерпретација на наодите (Harding, 1991).

Затоа, наместо „преправање" за наводно оградување од каква било лична инволвираност и идеолошки мотивирани одлуки во сите фази од истражувачкиот процес, во замена се предлага *разоткривање на вредносната позиција на истражувач(к)ите.* Инсистирањето за најексплицитно можно декларирање на позицијата на истражувач(к)ите од аспект на нивната припадност (на пример, културната или класната) и нивната лична вредносна преференција (во смисла на индивидуални верувања, норми, заземена перспектива или дури и лични искуства) потекнува не само од отфрлањето на потполната објективност како можна, туку и од уверувањето дека нивната видливост, ќе придонесе кон намалување на пристрасноста во анализата на податоците и понудените интерпретации на наодите. Во спротивно, според уверувањето на многу феминистички ориентирани истражувач(к)и, знаењата продуцирани врз основа на феминистичкиот метод не би биле ништо поквалитетни од андроцентричните кои се прогласуваат за ослободени од субјективност, а всушност произведуваат пристрасно знаење (Harding, 1987; Harding & Norberg, 2005). Во таа смисла, внесувањето јасно артикулирана субјективност, парадоксално, придонесува кон намалување на субјективноста (дури и онака како што е дефинирана во рамките на позитивистичката парадигма) не само затоа што овозможува преиспитување на анализата низ други можни перспективи и детекција на пристрасноста која произлегла од понудената, туку и затоа што „*истражувачот/чката не се прикажува како невидлив/а, анонимен глас на авторитет, туку како реална, историски ситуирана индивидуа со конкретни, специфични желби и интереси*" (Harding, 1987, стр.9).

Делумно, од овој принцип се произлезени и барањата за *обезбедување еднаквост, односно баланс во моќта* и за *емпатична поврзаност меѓу истражувачите и учесниците во истражувањето.* За оние што се приврзаници на феминистичката методологија, недозволиво е тие што го спроведуваат истражувањето да зазема-

ат арогантна позиција на некој што знае подобро или повеќе од самите испитаници за нив и за нивната лична перспектива. Тие, традиционалната практика на користење на субјектите во истражувањето ја опишуваат како процес во кој испитаниците се третираат само како извор на сирови податоци врз кои понатаму немаат апсолутно никаква моќ или овластување, освен, можеби, да добијат информација за личните постигања на тестирањата. Тоа што се случува со добиените податоци е дека тие практично стануваат 'сопственост' на истражувачите кои се единствени што имаат институционално доделена моќ (најчесто во рамки на универзитет или истражувачки центар), а наводно и интелектуален капацитет за да ги осмислат, интерпретираат и да им дадат значење кое може, ама и не мора да се артикулира како препорака за конкретна интервенција. Ваквиот однос кон информациите што се добиваат од испитаниците е недозволив за корпусот истражувачи кои ги прифаќаат начелата на феминистичката ориентација, бидејќи тие сметаат дека единствена етички прифатлива позиција, која во крајна линија се рефлектира и на валидноста на наодите, е да се придржуваат на принципот на хоризонтални односи на моќ со испитаниците (Oakley, 1981). Притоа, еднаквоста не се остварува само преку третманот на испитаниците во фазата на прибирање на податоците, туку и со тоа што тие се вклучуваат како важна инстанција при проверката на коректноста на интерпретациите. Со други зборови, се смета за важно од самите испитаници да се добие повратна информација за тоа дали интерпретациите добро ја одразуваат нивната перспектива, бидејќи токму тие, а не истражувач(к)ите имаат поголем авторитет да ја одредат кредибилноста на интерпретациите на сопствените искуства (Riger, 1992; Paton, 2002). Вклучувањето на самите испитаници во потврдување на интерпретациите го квалификува процесот како партиципаторен или колаборативен.[5]

Во однос на барањето за симетрија во односите истражувач(ка) – испитаници, се наметнува и една друга пожелна карактеристика во таа релација, а тоа е *воспоставување емоционална поврзаност* помеѓу двете страни наместо на ладен, воздржан, „објективен" однос. Во често цитираната книга во која го опишува стекнувањето знаења низ животните искуства на пет жени со помош на длабинско интервјуирање, Бејтсон зборува за емоционалното поврзување на истражувачките со испитаничките, како за фактор кој обезбедува реципрочност во односите меѓу нив и ги брише границите што ги дефинираат нивните улоги: *...[жените учеснички]... не се уловени во идејата дека секое истражување содржи некој којшто е истражуван и истражувач, или еден којшто е доминантен и друг којшто е вулнерабилен. Кога барам адекватен збор за мојот однос со жените опишани во оваа книга, имам потреба од термин што ќе ги опфати и колегијалноста и фактот дека процесот стана можен токму поради нашите посебности. Речникот ме изневери, одрекувајќи ја можноста некој термин да ја афирмира и симетријата и комплементарноста"* (Bateson, 1989, стр. 102).

[5] Во последно време, партиципаторниот пристап е речиси неизбежен при спроведувањето евалуации на програми, независно од тоа за каков вид евалуација се работи (формативна или сумативна) и која е платформата од која поаѓаат евалуаторите.

Згора на тоа, се смета и дека личната инволвираност на истражувач(к)ите во она што е од истражувачки интерес претставува особена предност, затоа што личните искуства кои ги имале поради припадноста на некоја група, или искуствата со некоја појава, би ги направиле најсензитивни за сите комплексни контекстуални фактори кои се важни за истражуваната појава. Тоа би значело дека предност во истражувањата во кои испитаници се жени би имале жените, во оние во кои релевантна особина е, на пример, етницитетот, оние со иста етничка припадност или, ако се работи за истражувања во кои се испитуваат искуствата поврзани со семејно насилство, најадекватна истражувачка би била таа која самата била жртва на ваква агресија. Во рамките на очекувањата е дека огромното мнозинство феминистички ориентирани истражувања ги водат жени, со исто толку преовладувачко мнозинство жени во улога на испитанички. Сличноста меѓу испитаниците и истражувачот, освен заради емпатичноста и емичкото гледање на податоците, се смета за адекватно и затоа што ги намалува потенцијалните хиерархиски разлики на таа релација. Еден необичен потфат кој илустрира како ова барање е задоволен во услови кога мал број особини меѓу истражувачите и испитаниците се слични е истражувањето кое се спроведувало меѓу популација од сексуални работнички во САД. За да се обезбеди максимална сличност со испитаничките, пет сексуални работнички – доброволки биле обучени за водење фокус групи. Набргу се покажало дека оваа инвестиција не била залудна, бидејќи тие веднаш интервенирале во формулацијата на прашањата, додале свои кои многу придонеле во квалитетот на прибраните информации, а и добиле одговори кои веројатно тешко би ги добил некој што не би ги перципирал овие испитанички како „една од нив“ (Patton, 2002).

Дел од феминистички ориентираните истражувач(к)и сметаат и дека се должни да инвестираат дел од сопствениот идентитет, односно дел од сопствената животна приказна за да обезбедат колку што е можно подобра емоционална поврзаност со учесниците во истражувањето, но и за да ја намалат асиметријата во моќ (Cotterill & Letherby, 1993; Mendis, 2009). Логично е дека и двата ефекта многу полесно се постигнуваат тогаш кога животните искуства и социјални позиции се слични, односно исходот би бил спротивен од очекуваниот ако испитаниците не можат да најдат никаква важна заедничка карактеристика со истражувачите. Една од првите истражувачки кои го предложиле ова барање како основно начело на соодветно истражување, изведувајќи интервјуа со жени-мајки за потребите на испитување на секојдневните искуства на жените во врска со мајчинството, тврди дека сличностите во идентитетот меѓу неа и респондентките придонел за намалување на хиерархискиот јаз во односот истражувачка – испитаничка, велејќи дека: „*таму каде што се споделени социјализацијата и критичните животни искуства, социјалната дистанца може да биде минимална*“ (Oakley, 1981; стр. 55).

Многумина дури одат и подалеку во толкувањето на прашањето на реципроцитет и еднаквост, па сметаат дека кога веќе ги користат како информатори, истражувач(к)ите имаат и должност да ја подигнат свеста на испитаниците за нивната положба за да можат дополнително да придонесат за нивната благосостојба и да ги направат еден вид активни соучесници во напорите за менување на односите

во општеството. Се очекува процесот на освестување да има влијание врз животите на учесничките така што ќе води кон вистинска индивидуална и колективна трансформација (Mies, 1996). Ова барање често може да се види спроведено во истражувањата на различните облици на родово базирано насилство, каде што, всушност, родовата асиметрија во моќ е и најбрутално изразена.

Петтиот принцип кој е заеднички на феминистички ориентираните истражувања е *вреднувањето на животните приказни и индивидуалните искуства* како најмоќна алатка за разбирање на интеракциите во потесното окружување, но и општеството во целина. Интересот за генерализации, ако воопшто се прават (Collins, 1989; Mulinari & Sandell, 1999), е во втор план во споредба со богатството на детални информации што може да се добие од еден случај или од мала група испитаници. Ова барање има најмалку два аспекта – едниот е дека искуствата на жените, главно, ситуирани во светот на секојдневјето, мора да станат појдовна точка за знаењето за жените и да се дислоцираат од сферата на книжевноста (па дури и тука видени низ машка перспектива) во сферата на научното истражување (Smith, 1979). Вториот аспект се однесува на жестоката битка за претставување на вистината како плурална и врзана за *групните искуства*, односно за искуствата од позиција на дадена култура, социјален контекст и различни други видови припадност (Smith, 1979; Doucet & Mauthner, 2007; Cole, 2009), особено во случаи на повеќекратна маргинализација (Acker, Barry & Esseveld, 1996). Оваа замена на индивидуата како единица на анализа со продукција на знаење за колективно споделените искуства се заснова на претпоставката дека изучувањето на поединецот во општествените науки е вештачка и неконтекстуална (Nelson, 1993).

### *Критика на феминистичката методологија*

Иако феминистичкиот пристап ни најмалку не е поштеден од критика надвор од рамките на феминистичката методологија,[6] поради просторните ограничувања, овде вниманието ќе биде насочено кон критичката дебата развиена во рамки на феминистичките истражувања.

Револуционерната промена која ја предлага феминистичкиот пристап од перспектива на промени во хиерархиската структура на моќ, давајќи предност на личните интерпретации на субјектите пред авторитетот на истражувач(к)ите, неретко се критикува барем од две причини. Едната е очигледната ограниченост

[6] Една од најелоквентно елаборираните критики (сепак, низ познатата андроцентрична реторика) може да се најде во: Hammersley, M. (1992). On Feminist Methodology. *Sociology, 26*/2, 187-206. Остар критички осврт кој ја напаѓа целата концепција за истражувања врз феминистичка платформа претставувајќи ја како апсолутен неуспех може да се најде во збирката написи: Pinnick, C., Koertge, N., and Almeder, R. (Eds.). ( 2003). *Scrutinizing Feminist Epistemology: An Examination of Gender in Science*. New Brunskick, N.J.: Rutgers University Press.

на вербалните потенцијали и уште повеќе на рефлексивноста на голем дел од потенцијално интересните испитаници, а другата е опасноста од психолошки редукционизам доколку во интерпретациите на состојбите се земат предвид предвид само персоналните фактори, а се исклучи поширокиот социјален контекст за кој испитаничките воопшто не мора да бидат свесни (Riger, 1992).

Слично, и барањето за емоционално поврзување со испитаниците и загриженоста за подобрување на нивната благосостојба не е без внатрешни противречности. Имено, без разлика на намерите и приоритетите, или на тоа колку успешно е воспоставен пријателскиот однос помеѓу испитаниците и истражувач(к) ите, во крајна линија, истражувач(к)ите секогаш, освен пријателство, добиваат и информации кои ги користат за истражувачки цели, што имплицитно претставува ризик дека пријателството е изманипулирано, а односот влегол во сферата на еднострано искористување. Оваа опасност е извонредно добро опишана од страна на Дијана Волф, која за својата дисертација прибирала податоци од испитанички во исклучително сиромашни заедници во Индонезија: *„...Јас ќе ја завршам мојата дисертација, ќе добијам докторска титула врз основа на зборувањето за ова истражување, за еден месец ќе заработам доволно пари за да опстане целото село и ќе направам кариера... Наспроти моите добри намери, сепак, си креирав себеси ситуација базирана на структурите на сиромаштија и родова нееднаквост"* (Wolf, 1997; стр. 3). Методолошкото начело воведено за да се намали асиметријата во моќ меѓу истражувач(к)ите и респондент(к)ите, како и да се внесе чувство на отвореност, еднаквост и солидарност, иако парадоксално, сепак, може повторно да ги доведе на сцена етичките дилеми кои феминистките настојуваа да ги елиминираат – пред сè, чувството на отуѓеност и искористеност (Kirsh, 2005). За Шоуп (Shope, 2006). Наивно е воопшто да се верува во тоа дека методолошките модификации можат многу да придонесат во надминување на структурната нееднаквост и да ги третираат респондент(к)ите како вистински активни учесници во истражувањето. Симетрија во моќ единствено би можело да се очекува доколку и социјалните релации имаат слична поставеност, а сè дотогаш не може да се направи многу повеќе од тоа да се настојува гласот на маргинализираните да се артикулира колку што може поверодостојно во академските дискурси.

Од друга страна, пак, давањето помош како и освестувањето на потчинетите за нивната позиција, сакале или не, имплицира дека тие кои ја имаат таа улога (во овој случај феминистички ориентираните истражувач(к)и), истовремено имаат супериорна позиција во однос на знаењето. Ендрјус го објаснува однесувањето на феминистките во оваа незгодна позиција како „криење зад невидлив штит од моќ" и како однесување типично за оние што се во супериорна позиција: *„тогаш кога инсистираат да ги реорганизираат приказните кои ги слушаат, добро знаејќи притоа дека интерпретациите што ќе ги понудат нема да бидат доведени во прашање од страна на оние чиј живот го опишуваат"* (Andrews, 2002; стр. 62).

Петтиот принцип, кој бара вреднување на животните приказни и индивидуалните искуства и уважување на различноста на перспективите, која освен од родот, произлегува и од други критериуми на социјална поделба, како што

се расата, сексуалната ориентација, етницитетот или социоекономскиот статус, најчесто е критикуван од аспект на тоа колку дозволува носење заклучоци за некакво заедничко ‘женско искуство‘ наспроти тенденцијата за губење на таа нишка во мноштвото идентитети и перспективи (Ramazanoglu, 1984; според Luff, 1999). Доведено до екстрем, ова начело е критикувано од аспект дека може да произведе разводнување на науката и нејзино претворање во автобиографија со поголема или помала книжевна вредност. Згора на тоа откривањето на личната перспектива не мора нужно да значи и откривање на структурните социјални проблеми што стојат зад индивидуалните или групните искуства (Maynard & Purvis, 1994).

Интензитетот на дебатата во врска со отворените прашања на феминистичката методологија варира, но сè уште е актуелна. Една од придобивките на расправата е тоа што процесот на преиспитување на „тешките“ теми, особено оние поврзани со моќта и создавањето моќ, резултира со подобрување на пристапите во рамките на самата феминистичка доктрина. Освен тоа, денес, голем дел од принципите на феминистичката методологија се инкорпорирани во вредносната матрица на квалитативните истражувања кои не се врзуваат директно со феминистичката ориентација и претставуваат важни критериуми според кои се проценува квалитетот на истражувањата.

### *Литература*

Acker, J., Barry, K. & Esseveld, J. (1996). "Objectivity and Truth: Problems in Doing Feminist Research," (p. 60-87). In H. Gottfried, (Ed). *Feminism and Social Change: Bridging Theory and Practice*. Urbana: University of Illinois Press.

Akman, D. E., Toner, B.B., Stuckless, N., Ali, A., D. Emmott, D.S and Downie, F. P. (2001). Feminist Issues in Research Methodology: The Development of a Cognitive Scale. *Feminism & Psychology,* 11/2, p. 209–227.

Anderson, E. (1995). Feminist Epistemology: An Interpretation and a Defense, *Hypatia, 1/3*, 50-84.

Andrews, M. (2002). Feminist Research with Non-Feminist and Anti-Feminist Women: Meeting the Challenge Feminism & Psychology, 12, 55-72.

Bateson, M. C. (1989). *Composing a life*. New York: Penquin Books.

Code, L. 1981. "Is the Sex of the Knower Epistemologically Significant?" *Metaphilosophy, 12*, 267–276.

Cole, E. R. (2009). Intersectionality and research in psychology. *American Psychologist, 64,* 170–180.

Collins, P. H. (1989). The social construction of Black feminist thought. *Signs, 14*, 773-778.

Doucet, A. & Mauthner, N. (2007). Feminist Methodologies and Epistemology (36-42), In C. D. Bryant & D. L. Peck (Eds.). *21st Century Sociology, vol 2*. Thousand Oaks: SAGE.

Driscoll, K. and McFarland, J. (1989) 'The Impact of a Feminist Perspective on Research Methodologies: Social Sciences', (185–203 ). In W. Tomm (ed.) *The Effects of Feminist Approaches on Research Methodologies.* Waterloo, ON: Wilfred Laurier University Press.

Guerrero, S. H. (Ed.). (1999). *Gender Sensitive & Feminist Methodologies: A Handbook for Health and Social Researchers*. Quezon City: University of the Philippines Center for Women's Studies.

Haraway, D. (1991). *Simians, Cyborgs and Women: The Reinvention of Nature.* New York: Routledge.

Hammersley, M. (1992). On Feminist Methodology. *Sociology, 26/2*, 187-206.

Harding, S. (1987). Introduction: Is There a Feminist Method? (p. 1–14), In S. Harding (Ed.). *Feminism and Methodology*. Bloomington: Indiana University Press.

Hare-Mustin, R. T, & Maracek, J. (1990). *Making a difference: Psychology and the construction of gender.* New Haven, CT: Yale University Press.

Harding, S. (1991). *Whose science? Whose knowledge?* Ithaca, NY: Cornell University Press.

Хардинг, С. (2004). *Дали е науката мултикултурна? Постколонијализам, феминизам и епистемологија.* Скопје: Сигмапрес.

Harnois, C. E. (2013). *Feminist Measures in Survey Research.* Thousand Oaks: SAGE Publications.

Harding, S. & Norberg, K. (2005). New Feminist Approaches to Social Science Methodologies: An Introduction. *Signs: Journal of Women in Culture and Society, 30*, p. 2009–2016.

Hayles, K.N. (1992). Gender Encoding in Fluid Mechanics: Masculine Channels and Feminine Flows. *Differences,* 4/2, 16-44.

Hesse-Biber, S. N. (2012). Feminist research:Exploring, interrogating, and transforming the interconnections of epistemology, methodology, and method, In s. N. Hesse-biber (ed). *Handbook of Feminist Research: theory and praxis* (2-26), Thousand Oaks: SAGE Publications.

Hussain, B and Asad, A.Z (2012). A Critique on Feminist Research Methodology, *Journal of Politics and Law*, 5/. 4, 202-207.

Letherby,G. (2003). *Feminist Research in Theory and Practice.* Buckingham: Open University Press.

Martin, E. (1991). The Egg and the Sperm: How Science Has Constructed a Romance Based on Stereotypical Male-Female Roles. *Signs,* vol. 1/ 3, 485-501.

Mauthner, N. S. (1998). It's a Woman's Cry for Help: A Relational Perspective on Postnatal Depression. *Feminism and Psychology, 8/3*, 325-355.

Maynard, M. & Purvis, J. (1994). (Eds.) Researching Women's Lives from a Feminist Perspective, London & Bristol PA: Taylor & Francis

McCarl Nielsen, J., Marschke, R., Sheff, E. and Rankin, P. (2005). Vital Variables and Gender Equity in Academe: Confessions from a Feminist Empiricist Project. *Signs vol. 3,-1*, 1-28.

Mies, M. (1983). Towards a Methodology for Feminist Research. In Bowles, & Duelli, K. (Eds.), *Theories ofwomen studies*. London: Routledge and Kegan Paul.

Mendis, K. (2009). Collecting Data from Mothers who have Experience Childhood Family Violence with the use of a Feminist Methodology. *Qualitative Social Wo*rk 8/3, p. 387-390.

Mies, M. (1996) . Liberating Women, Liberating Knowledge: Reflections on Two Decades of Feminist Action Research. *Atlantis 21/1,* p. 10–24.

Minnich, K. E. (2005). *Transforming Knowledge*, Second edition. Philadelphia: Temple University Press.

Mulinari, D., & Sandell, K. (1999). Exploring the notion of experience in feminist thought. *Acta Sociologica, 42*, 287-297.

Nelson, L. H. (1993). "Epistemological Communities." In L. Alcoff and E. Potter (Eds.). *Feminist Epistemologies (44-58).* New York:Routledge.

Kirsh, G. (2005). Friendship, Friendliness, and Feminist Fieldwork. *Signs: Journal of Women in Culture and Society, 30*, 2163–2172.

Krook, M. (2007). *Are There Feminist Research Methods?*, paper presented at the Second Conference of the Association of Feminist Epistemologies, Methodologies, Metaphysics, and Science Studies, Arizona State University, Tempe.

Kvale, S. (1995). The Social Construction of Validity. *Qualitative Validity, 1/1,* 19-40.

Luff, D. (1999). Dialogue Across the Divides: `Moments of Rapport' and Power in Feminist Research with Anti-Feminist Women. *Sociology, vol. 33 /4, 687-703.*

Oakley, A. (1981). Interviewing Women: A Contradiction in Terms." In H. Roberts, (Ed.) *Doing Feminist Research*, (pp. 30–61). London, England: Routledge & Kegan Paul.

Patton, M. Q. (2002). *Qualitative Research and Evaluation Methods*. Thousand Oaks: Sage Publications.

Ramazanoglu, C., & Holland, J. (2002). *Feminist Methodology: Challenges and Choices*. London, England: Sage.

Riger, S. (1992). Epistemological Debates, Feminist Voices: *Science, Social Values, and the Study of Women. American psychologist, vol.47/6,* 730

Shope, J.H. (2006). You Can't Cross a River Without Getting Wet" : A Feminist Standpoint on the Dilemmas of Cross-Cultural Research, *Qualitative Inquiry,* 12: 163-184.

Rose, H. (1994). *Love, Power and Knowledge: Towards aFeminist Transformation of the Sciences.* Cambridge, England: Polity Press.

Smith, D. E. (1979). "A Sociology for Women." (135-188). In J. A. Sherman and E. T. Beck. (Eds.). *Woman in a Man-Made World*, 2nd edition, Madison: University of Wisconsin Press.

Thompson, L. (1992). Feminist Methodology for Family Studies. *Journal of Marriage and the Family, 54/1,* pp. 3-18.

Walter, A. A. (2005). Work in Progress – Feminist Research Methodologies : Why, What and How, *paper presented at the 35th Frontiers in Education Conference, 19-22 October, 2005, Indianapolis.*

Weisstein, N. (1971). Psychology constructs the female. *Journal of Social Education, 35*, 362-373.

Wolf, D. L. (1997). Situating Feminist Dilemmas in Fieldwork. In D. L. Wolf, (Ed). *Feminist Dilemmas in Fieldwork*, (1-55), Boulder: Westview.

*Nikolina KENIG*

# GUIDING PRINCIPLES OF FEMINIST RESEARCH IN SOCIAL SCIENCES

***Summary***

*Three decades after the question whether the sex of the knower is epistemologically significant was posed, the review of main body of literature suggests that there is still no consensus on whether there is a distinctive feminist methodology. However, it has been suggested by many feminist scholars that there are some unify guiding principles of feminist research that cut across the diverse approaches used in social sciences. The article reveals these common principles of feminist research mainly by contrasting them to the traditional academic methodology that is still predominantly based on positivistic epistemology. The final section of the paper briefly discusses the critiques addressed to the feminist methodology articulated on the basis of feminist research experiences.*

***Key words:*** *FEMINIST METHODOLOGY, FEMINIST ORIENTED RESEARCH, SOCIAL SCIENCES*